Перфектни 16

Мери-Кејт и Ешли

СОВРШЕНО ЛЕТО

ikona

ПОГЛАВЈЕ 1

„Ешли! Ја имаш ли видено мојата пурпурна маичка без ракави?“, извикав. Ја отворив долната фиока од мојот плакар за облека, и сè што беше во неа го ставив на подот.

„Не! Жалам!“, викна Ешли, со придушен глас. Очигледно, таа беше во задниот дел од својот плакар, правејќи го истото што и јас - итно пакување во последната минута, за нашиот летен одмор.

Набрзина погледнав низ испретурените алишта, а потоа фрлив поглед низ мојата соба и воздивнав. Ова место секогаш беше хаос, но денеска беше десетпати понеуредно од обично. Мојот куфер лежеше отворен на средината од мојот кревет, а од него извираше облека. Сите непотребни работи беа расфрлани на подот. Мојата торбичка за шминка беше преполна, а мојот ранец беше преплавен со списанија, средства за нега на косата, и со фотографии од моите пријатели.

Од маичката без ракави, се разбира, немаше ниту трага.

„Не ми се верува дека денеска заминуваме!“, задишано рече Ешли. Таа влета во мојата соба, а нејзините големи сини очи блескаа.

„Знам!“, реков јас. „Утре во ова време, ќе се забавуваме со рок ѕвезди.“

„Ќе живееме според наши правила!“, додаде Ешли.

„Ќе живееме според наши правила, окружени со *рок ѕвезди“,* додадов јас.

Ешли седна на работ од креветот. „Уште не ми се верува дека тато ни дозволува да работиме на MusicFest.“

„Да, исто и мене.“ Се намуртив, и кажав со потсмевлива загриженост: „Што мислиш, да не станува сенилен?“

„Мери-Кејт!“, Ешли превртуваше со очите. Од подот зема едно парче облека и го фрли врз мене. Тоа падна врз мојата глава и ми го прекри лицето. Го тргнав од мене. Ај, супер! Мојата пурпурна маичка без ракави.

„Ја пронајде!“, се радував јас, пикајќи ја во мојот куфер. „Сега сум речиси подготвена.“

„Добро. Јас ќе одам да ги ставам моите работи во автомобилот. Ќе се чекаме на приземјето!“, рече Ешли, речиси истрчувајќи од собата.

Му се вратив назад на пакувањето. Јас тотално се шегував за сенилноста - но навистина дојде како шок кога тато ни кажа дека на мене и на Ешли ни нашол работа за преку летото на еден голем музички фестивал.

Тато работи во дискографска компанија и постојано се дружи со сите тие кул луѓе, но никогаш не дозволил Ешли и јас да бидеме помалку од пет километри од некоја позната личност. Тој сака неговото семејство да биде одвоено од неговата работа.

Но, претпоставувам дека кога слушнал за оваа можност на MusicFest, тој сфатил дека тоа е премногу добро за да биде пропуштено. Ешли и јас ќе живееме еден месец во студентскиот дом на Универзитетот Trager, ќе одиме на бесплатни концерти, ќе запознаваме нови луѓе... и, ох, да, ќе работиме по малку.

Задоволна бидејќи конечно имав сè, го закопчав патентот на мојата чантичка, ги зграпчив сите мои кеси и куфери, и ги довлечкав во приземјето.

Моите родители беа надвор, навалени на кабриолетот Мустанг, кој на Ешли и на мене ни го дадоа како подарок за 16-иот роденден. Погледот кон блескавиот розев автомобил сè уште ми создава пријатни морници. Не ми се верува дека е наш!

„Дали во последно време сум ви споменала дека вие сте најкул родители на сите времиња?“, реков јас. Се мачев да ги наместам моите куфери на задното седиште, веднаш до куферите на Ешли.

„Не, не во последно време“, се шегуваше тато. Тој нежно ја стегна мама по рамото.

„Сакам да кажам, најпрво ни дозволивте да ја направиме најголемата, најфантастичната забава за 16-тиот роденден, потоа ни подаривте автомобил, а сега ни дозволувате цел еден месец да одиме надвор од дома.“ Јас ги ставив рацете на моите колкови. „Јас навистина мислам дека треба да добиете награда за ваквото однесување.“

„Па добро, мошне набргу ќе помислите дека сме уште повеќе кул“, рече тато. Тој пејде кон совозачкото место од нашиот автомобил и извади два сосема нови мобилни телефони - едниот беше со блескаво сребрена боја. Другиот беше металик пурпурен.

„Вие мора да се шегувате?“, извикнав јас. Го зграпчив сребрениот мобилен. Знаев дека на Ешли тотално ќе ѝ се допадне пурпурниот.

„Немаше да ви дозволиме да заминете ако не постои начин да ни се јавите во итни случаи“, рече мама.

„Ви благодарам, *толку* многу!“, извикнав јас. „Сега можам да му се јавам на Џејк, и на Британи, и на Лорин “

„Реков во итни случаи“, ме исправи мама. Таа топло ме прегрна. „Ќе ми недостасуваш!“

„И ти мене ќе ми недостасуваш!“, одговорив јас.

„Мери-Кејт!“, повика Ешли од куќата. „На телефон! Те бара Џејк!“

Срцето почна да ми чука побрзо. Истрчав назад во куќата, ставајќи го мобилниот телефон во џебот.

Џејк Импена беше она чудесно, прекрасно, чувствително момче, коешто наскоро требаше да наполни осумнаесет години. Со него започнав да се состанувам минатата пролет, после еден куп недоразбирања. Најпрво го поканив на нашата забава за 16-тиот роденден. Потоа ја повлеков поканата, и тој мислеше дека не ми се допаѓа. Потоа го поканив повторно... Тоа беше огромна збрка! Но, тоа заврши така што јас и Џејк сме тотално среќни заедно.

„Почекај додека да видиш што ни подарија мама и тато!“, ѝ шепнав на Ешли додека ми ја даваше телефонската слушалка. Таа широко се насмевна и истрча надвор.

„Еј“, му реков на Џејк. Ја наместив мојата долга руса коса позади ушите, додека влегував во дневната соба.

„Еј“, тивко ми рече. Поради бојата на неговиот глас ми се наежи кожата. Знаев дека веќе му недостасував. Јас морав да признаам дека и тој ми недостасуваше. „Само сакав да ти се јавам за уште еднаш да ти кажам довидување и... знаеш... да ти посакам среќа.“

„Ти благодарам.“ Одев пополека околу каучот. „Ќе ти се јавам веднаш штом ќе пристигнам таму.“

„Кул“, рече Џејк. „Знаеш, додека си таму, не се вљубувај во некоја рок ѕвезда, океј?“

„Ти ветувам дека нема“, одговорив. „Освен, се разбира, ако не се запознаам со Гевин Мајклс. Тогаш не можам да бидам одговорна за моите постапки.“

Гевин беше 18-годишниот пејач на мојот омилен бенд, Glowstick. Секој знаеше дека страотно бев затрескана во него.

„Ха, ха, ха“, безволно се насмевна Џејк. „Па добро, ќе ми недостасуваш, Мери-Кејт.“

„И ти ќе ми недостасуваш, Џејк.“ Цврсто ги стегнав моите очи, за да ги задржам солзите. „Чао.“

„Чао“, прошепоти тој.

Ја спуштив слушалката и стоев вкочането неколку секунди, жалејќи се себеси. Џејк и јас бевме толку многу среќни. Ќе беше прекрасно ако целото лето го поминев со него, одејќи во кино, на плажа, на пикници...

„Мери-Кејт!“, повика Ешли од влезната врата. „Ајде да појдеме! Рок ѕвездите нѐ очекуваат!“

Се насмевнав и го победив нерасположението. Сепак, јас немаше да одам во Аљаска. Можев да зборувам со Џејк колку што сакам. А во меѓувреме, Ешли и јас сами ќе се грижиме за себе, ќе се запознаваме со фантастични луѓе, и ќе се забавуваме како никогаш во животот.

Го вратив телефонот назад во кујната и побрзав надвор, кон автомобилот.

Нека започне забавата!

„Ох! Ние толку многу ќе задоцниме!“, го тргнав погледот од патот за да го видам мојот часовник.

„Ешли, те молам, дали можеш една секунда да престанеш да бидеш Госпоѓица Одговорна и да ја сфатиш прекрасноста на овој момент?“, рече Мери-Кејт, навалувајќи ја главата наназад, за да гледа во бистрото сино небо. „Ние сме во наш автомобил, се возиме долж брегот, и одиме кон најубавото од сите лета!“

„Знам! Знам.“ Си дадов еден момент за да уживам во бранувањето на мојата коса на ветерот и во

сонцето на моето лице. Но, тоа не траеше долго. „Знаеш, многу луѓе се таму веќе една недела. Ова е последниот ден за да се пријавиме, а доколку задоцниме -“

„Ние нема да задоцниме“, рече Мери-Кејт, упаѓајќи ми во зборот. Таа ги подигна нејзините пурпурни наочари за сонце и ми се насмевна. „Ајде да зборуваме за нешто друго. Што мислиш, што ќе работиме таму?“

„Можеби ќе им бидеме лични асистенти на ѕвездите“, ѝ кажав копнежливо.

„Или можеби и двете ќе работиме во гардеробата, и ќе одбираме облека за сите настапи“, предложи Мери-Кејт. „Што и да правиме, сигурна сум дека ќе се дружиме со познати луѓе.“

„Знам! А тие ќе ни платат за да го правиме тоа“, додадов.

„Што ќе сториш со парите кои ќе ги заработиме ова лето?“, праша Мери-Кејт.

„Ќе купам Kentmore 2000 сараунд стерео, со можност да се ставаат 10 компакт дискови одеднаш, со дабл - дек касетофон, и со четири звучници“, ѝ кажав.

Мери-Кејт зјапаше во мене, како да ѝ реков дека ќе си нарачам момче преку пошта.

„Што?“, ја прашав. „Можеш да го програмираш да пушта 40 часови непрекината музика. Ја имам рекламата.“ Покажав кон мојата плетена торбичка, која беше крај нејзините стапала.

Мери-Кејт се смееше додека се навали напред и ја извади превитканата реклама. „Ау. Ти навистина детално си го планирала ова, нели?“

„Претпоставувам дека е така“, ѝ одговорив, подигајќи ги рамениците. „Сакам да кажам, *отсекогаш* сакам ново стерео. Затоа ова лето ќе заштедам колку што е можно повеќе пари.“

„Одлично“, рече Мери-Кејт. „Добро е да се има план.“

За момент ѝ фрлив лукав поглед. „Ти немаш поим што ќе си купиш, нели?“

Распонот на вниманието на мојата сестра е по малку на пократката страна. Како и претходното лето, во еден момент таа сакаше да научи да сурфа, а наредната секунда сесрдно сакаше да земе часови по нуркање, а наредната секунда се фокусираше на јавање коњи.

„Имам некои идеи.“ Мери-Кејт си ги местеше наочарите за сонце. „Размислувам за нова гардероба, или можеби за DVD плеер за мојата соба, или за еден од оние нови преносни музички плеери ... или можеби ќе купам нешто за Џејк...“

Таа ги прекина размислувањата со мала воздишка. Се гледаше дека нејзиното момче веќе ѝ недостасува. Како изгледа тоа?, се прашував јас. Како изгледа да ти недостасува некој толку многу, поради што едвај можеш да поднесеш да одиш настрана? Со исклучок на моите родители и на моите пријатели, јас немав некој посебен кој би ми недостасувал тоа лето.

„Ох, не! Ешли!“, одненадеж извика Мери-Кејт.

„Што?“, прашав. Фрлив брз поглед на сите ретровизори. Дали некој огромен камион беше залетан позади нас?

„Мислам дека штотуку пропушти да свртиш!“, Мери-Кејт ми рече. Таа ја зеде мапата и ја проучуваше.

„Ох, не.“ Уште поцврсто го зграпчив воланот. „Што да правам, Мери-Кејт? Што да правам?“

„Чекај малку... чекај малку...“ Ја удри мапата со својата дланка и разочарано извика. „Да. Требаше да возиме по излезот 18. А штотуку го поминавме излезот 20.“

Се обидував да не дигнам паника. „Не ми се верува. Ова е нашето прво големо патување, а ние се загубивме!“ Ми падна на ум новиот мобилен телефон кој беше во мојата чантичка. „Можеби би требало да им се јавиме на мама и на тато.“

„Нема шанси. Целово ова лето треба да покаже дека ние можеме да бидеме самостојни!“, приговори Мери-Кејт. „Не можеме да им побараме помош кога сме само еден час надвор од дома!“

„Па добро?“, ја прашав. „Што предлагаш да сториме?“

„Остани смирена“, рече Мери-Кејт, гледајќи преку рамо. „Ние само треба да свртиме во спротивен правец. Тука! Појди по овој излез! Можеби ќе можеме да се вратиме назад на автопатот, ако одиме во спротивниот правец!“

„Океј... океј“, растревожено кажав. Преминав во другата коловозна патека. Одекна звук на автомобилска сирена. Фрлив брз поглед во ретровизорот.

„Се извинувам!“, извикнав. Ненамерно му го пресеков патот на еден џип зад нас. Во грлото ми се создаде голема грутка, но успеав да дојдам до излезот. На врвот од излезот, сите знаци покажуваа кон непознати градови.

„Што сега?“, реков. Зад нас се создаваше една редица од автомобили. Еден од нив повторно затруби и јас растревожено почнав да зборувам. „Ова не се случува“, реков јас, а моите дланки започнуваа да се препотуваат.

„Океј, сврти лево“, рече Мери-Кејт. „Мора да се вратиме на автопатот. Можеби приклучокот е онаму.“

Го вклучив трепкачот и свртив налево, но повторно, таму немаше знаци кои упатуваа кон автопатот.

Бевме на двонасочен пат, возејќи се подалеку од патот на кој што сакавме да бидеме.

„Колку далеку треба да возам?“, прашав, гледајќи кон Мери-Кејт. И таа беше по малку бледа.

„Некаде мора да има бензинска пумпа.“ Се гледаше дека таа се обидува да звучи смирено. „Едноставно, ќе сопреме и ќе прашаме за правецот.“

„Океј.“ Се терав себеси да дишам рамномерно, но покрај патот имаше само треви и камења. Никаде не постоеја знаци на живот!

„Ох! Застани таму!“, извика Мери-Кејт. Таа ми покажа кон една трошна зграда, десно од нас.

Ја намалив брзината за да го испитам местото. „Ти мора да се шегуваш“, ѝ реков јас. Еден од прозорците беше скршен, дрвената врата целосно беше гнила, а на неа имаше знак на кој беше напишано МАМЕЦ.

„Насекаде на ова место е напишан зборот ’опасност’“, настојував јас.

„Ешли, ајде! Мораме да запреме некаде!“, ми докажуваше Мери-Кејт.

„Не тука“, реков јас, стискајќи ја педалата за гас.

„Што правиш?“, викаше Мери-Кејт, додека забрзувавме.

„Мора да има некое друго место“, ѝ одговорив.

Се разбира, јас грешев. 15 минути подоцна, патот по кој возевме стана каменест, а потоа правлив. На крај, ние видовме трошен знак за национален парк.

„Значи... одиме таму.“ Безволно се насмевнав. „Во паркот мора да има луѓе, така?“

Патот пред нас се претвори во мало паркиралиште. Долж едната страна имаше расклатена дрвена ограда, а на другата страна од оградата имаше стрмна провалија. Го поставив нашиот автомобил веднаш до работ на карпата.

„Ух... фин видик “, реков јас, ставајќи го автомобилот во паркот.

„Ова е национален парк?“, праша Мери-Кејт, гледајќи наоколу по напуштената област. „Мислам дека мама и тато треба да проверат каде им одат парите што ги даваат како данок.“

Јас воздивнав и го покрив лицето со моите раце. Не ми се веруваше дека ова се случуваше. Ние бевме изгубени, доцневме, и немавме идеја како да се вратиме назад на главниот автопат.

Најдоброто лето во нашите животи дефинитивно имаше почеток кој не ветуваше многу.